ЗАПИСНИК

од 16. (шестнаесеттата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 август 2026 година (вторник), во општинската сала со почеток во 09.20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет потоа побара да се интонира химната на Република Северна Македонија.

Од 27 членови на Советот на Општина Карпош, на седницата беа присутни 23 членови на Советот на Општина Карпош.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Неделчо Крстевски, Давор Грче, Елена Домика, Ана Цветановска, Александар Петровски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Ивана Петковска, Катерина Илиева, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Оправдано отсутни членови на советот се: Адријана Јакимовска Панчевска, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски и Владимир Бислимовски.

Пополнетиот евиденционен лист претставува доказ дека членовите на Советот присуствуваат на 16. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот со што Советот може да работи и полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваше Градоначалникот Сотир Лукровски, претставници од општинската администрација раководители на сектори и подносители на материјали со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Совет констатираше дека согласно позитивните законски

прописи, материјалите од страна на Одделението за поддршка и организација на работата на Советот се испратени во законски утврдениот рок седум дена пред почетокот на закажаната седница. Извести дека на 10 август во кабинетот на градоначалникот се одржала координација со координаторите на советничките групи на која заедно со градоначалникот биле разгледани и дискутирани точките од предложениот дневен ред.

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување записник од 15. седница

1. Предлог-Решение за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи
2. Предлог-Одлука за доделување хуманитарна финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење
3. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година
4. Предлог-Решение за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје
5. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје
6. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје
7. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје
8. Предлог-Одлука за давање согласност за времено отстапување на користење училишен простор (учил
9. ници) во општинското основно училиште Вера Цировири Трена на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје
10. Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на Приватната

установа за деца-детска градинка „ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА МАКСИМИЛИЈАН“ Скопје

11. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локалното собрание на млади на Општина Карпош

Претседателот предложи дополнување на предоженият дневниот ред со две нови точки кои ќе се додадат по последната 11. точка и тоа:

12.Предлог - Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје

13.Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Фондација др- Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје

Најнапред, Претседателот го стави на гласање предлогот за дополнување на дневниот ред: **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје.**

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот за дополнување на дневниот ред со Точка 12 Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје.

Претседателот го стави на гласање предлогот за дополнување на дневниот ред: **со Точка 13. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје.**

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот за дополнување на Дневниот ред со точка 13 Предлог -Одлука за прифаќање на донација од Фондација др- Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје.

За збор процедурално се јави членот на Советот Татјана Стојановска и

предложи советничките прашања да бидат по исцрпување на дневниот ред.

Претседателот го стави на гласање предлогот на Стојановска советничките прашања да се поставуваат како последна точка, по исцрпување на точките од Дневниот ред.

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 17 гласа „ЗА“, нема гласови „ПРОТИВ“ и нема гласови „ВОЗДРЖАН“, е усвоен предлогот советничките прашања да се поставуваат како последна точка, по исцрпување на точките од Дневниот ред.

Претседателот на Советот ги извести присутните дека претседателите на комисиите при Советот кои биле одржани како помошни тела на Советот во пресрет на 16. седница во текот на седницата ќе го известат Советот по предметните точки кои биле разгледувани и по кои расправале.

Претседателот отвори расправа по предложениот Дневен ред за работа на 16. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го затвори претресот по предложениот и дополнет Дневен ред за работа на 16. седница и тоа:

ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД
за работа на 16тата седница на Советот на Општина Карпош

- **Усвојување записник од 15. седница**

1. **Предлог-Решение за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи**
2. **Предлог-Одлука за доделување хуманитарна финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење**
3. **Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година**

4. Предлог-Решение за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје
5. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје
6. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје
7. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје
8. Предлог-Одлука за давање согласност за времено отстапување на користење училишен простор (училиници) во општинското основно училиште Вера Циривири Трена на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје
9. Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА МАКСИМИЛИЈАН“ Скопје
10. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локалното собрание на млади на Општина Карпош
11. Предлог-Одлука за давање согласност за кофинансирање на проектот „Карпош Sustainable Housing Lab: Намалување на CO_2 емисиите и подобрување на комфорот на живеење“ за потребите на Општина Карпош
12. Предлог - Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје
13. Предлог -Одлука за прифаќање на донација од Фондација др- Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“- Карпош, Скопје

Претседателот го стави на гласање предложениот и дополнет Дневен ред за работа на 16тата седница на Советот на Општина Карпош.

По извршеното гласање беше констатирано дека, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предложениот и доплнет Дневен ред за работа на 16. седница на Советот на Општина Карпош.

Пред да помине на разгледување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот отвори расправа по записникот од 15. седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 15. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 15. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Славко Митевски во својство на претседавач на Комисијата за прописи да го извести Советот за работата и ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски во својство на претседавач на Комисијата за прописи и извести дека комисијата за прописи која се одржала на 10.08.2026 година, ги разгледала сите точки и му предлага на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Предраг Станковски во својство на претседавач на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Предраг Станковски во својство на претседавач на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 11.08.2026 година, даде појаснување за точката која била разгледувана и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

Советот премина на разгледување на точките од усвоениот дневен ред.

ТОЧКА 1. Предлог-Решение за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Славко Митевски, нагласи дека е задоволен со изборот на членовите на комисијата, истакна дека членовите се стручни и можат да придонесат за работата на комисијата. Митевски го пренесе ставот на советничката група на Левица и нагласи дека инсистираат при вршењето на проценките кај покривите на зградите да се евидентира кој изведувач го изведувал кровот и кој го работел надзорот, со цел да се увиди дали се добро изведени или не крововите.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска, при што најнапред се заблагодари на сите кои учествувале во масовната акција за санација на штетите од природната непогода. Нагласи дека граѓаните треба да расчистат пред своите дворови. Андоновска даде предлог да се направи проценка на штетата на покривот на болницата 8-ми Септември и да се побара информација кога е направен покривот на спортската сала Борис Трајковски.

За збор се јави Градоначалникот Сотир Лукровски при што се заблагодари на сите правни лица кои учествувале во помошта за санација на штетата од природната непогода и додаде дека граѓанската солидарност потфрлила во однос на помошта.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска со прашање за која цел се формира комисијата, дали само за проценка на штетите и праша кои би биле понатамошните чекори во однос на резултатите од оваа комисија, со цел да ги информира граѓаните кои претрпеле штети.

За збор со појаснување се јави градоначалникот Сотир Лукровски и истакна дека цел на комисијата е општината да излезе на терен врз основа на пријавени штети на образецот кој е креиран за таа намена, како и врз основа на записникот изготвен од Министерството за внатрешни работи. Комисијата ќе ја процени висината на штетата и информацијата ќе ја проследи до до Владата на РСМ, која ќе го реализира обештетувањето.

За збор со реплика кон Градоначалникот се јави членот на Советот Добрила

Андоновска при што побара-предложи во иднина да се субвенционира осигурувањето на легализираниот имот на социјално ранливите категории граѓани на општината и додаде дека на тој начин ќе се заштитат граѓаните.

За збор се јави членот на советот Горан Михајлов и побара од службите да ги прочитаат имињата на членовите на комисијата, по што постави прашање дали во комисијата членува лиценцирано вешто лице од областа на градежништвото. Михајлов го заврши своето излагање, со што се заблагодари на мал број граѓани кои што исчистиле пред своите дворови.

Зема збор претседателот на Советот Христо Саракинов и ги прочита имињата на членовите на комисијата:

1. Дејан Јонузоски– претседател на комисијата (вработен во општинската администрација);
2. Ермин Шаровиќ– заменик-претседател на комисијата (вработен во општинската администрација).

Членови на Комисијата:

1. Ѓорѓи Блажевски – член (вработен во општинската администрација);
2. Јованче Цветаноски – член (вработен во општинската администрација);
3. Вангел Караиванов – член (вработен во општинската администрација);
4. Весна Стефанова – член (вработена во општинската администрација);
5. Душко Андонов– член (вработен во општинската администрација);
6. Александар Арсов -член (вработен во општинската администрација).

Заменици-членови на Комисијата:

1. Жарко Радически – заменик-член (вработен во општинската администрација);
2. Горан Пецановски – заменик-член (вработен во општинската администрација).

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и на гласање го стави **Предлог-Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи**.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи.

ТОЧКА 2. Предлог-Одлука за доделување хуманитарна финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска, нагласи дека го поздравува хуманиот гест на Градоначалникот и на вработените на Општина Карпош кои навремено реагирале и одвоиле средства како донација со вода која им е неопходна на граѓаните на Гостивар. Во однос на предложениот износот на финансиски средства истакна дека истиот е согласно можностите и додаде дека секогаш е поважен гестот отколку вредноста. Андоновска даде предлог службите да им достават број на жиро сметката за хуманитарната финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар, со цел членовите на Советот да можат да донираат од нивните паушали 10 % .

За збор по предлогот на Андоновска се јави претседателот на совет Христо Саракинов и нагласи дека сметката ќе им биде доставена на членовите на Советот и воедно упати апел членовите на советот да донираат, секој со своите можности.

За збор се јави членот на советот Дарко Ристовски и истакна дека проблемот во Гостивар не е елементарна непогода, туку загадувањето е настанато од човечки фактор, при што укажа на бројни суштински грешки кои се направени од страна на градоначникот на Гостивар и директорот на јавното претпријатие. Нагласи дека со предметната донација, општина Карпош ќе издвои парични сретства како помош на градоначалник кој е директно одговорен за настанатата непогода со вода и кој воедно одбил да прифати одговорност, по што нагласи дека тој е пример како не треба да функционира една општина. Своето излагање го приведе кон крај и нагласи дека на граѓаните не им треба вода, ниту пари, туку одговорност за оваа ситуација. Ристовки потенцира дека Карпош секогаш била општина која била на ниво на задачата кога станува збор за хуманост.

За збор се јави претседателот Христо Саракинов и посочи дека утврдувањето одговорност треба да се остави на институциите при што појасни дека на седницата е даден предлог да се помогне на граѓаните, а не на институциите.

За збор со реплика на Саракинов се јави Ристовски и нагласи дека советничката група на Левица ќе гласа за помошта и додаде дека луѓето треба да знаат дека мора да има одговорност и дека нешто треба да се смени во системот.

За збор се јави членот на советот Татјана Стојановска, истакна дека ќе ја поддржи точката и дополни дека предвидените средства се даваат на фондот на Црвен крст. Стојановска додаде дека институционално е повредно правото на животот на граѓаните и нагласи дека во случајот со Гостивар не се работи за природна непогода, па поради тоа бара одговорност која е неопходна.

За збор се јави Градоначалникот Сотир Лукровски во однос на предложената помош и истакна дека со конкретната помош Општина Карпош помага на граѓаните, со префрлување средства на сметка за донација на Црвен крст на РСМ. Лукрковски нагласи дека секој што има одговорност, мора да ги сноси последиците.

За збор се јави членот на Советот Горан Михајлов и даде поддршка за симболичниот гест.

За збор се јави членот на Советот Благица Цветановска, даде поддршка за иницијативата да се помогне на граѓаните погодени од загадувањето на водата за пиење и даде предлог членовите на Советот да донираат еден месечен паушал за потребите на граѓаните на Општина Гостивар.

За збор со реплика кон Цветановска се јави Добрила Андоновска и истакна дека се согласува со предлогот на Цветановска членовите на Советот да донираат еден месечен паушал за потребите на граѓаните на Општина Гостивар.

За збор се јави членот на Советот Давор Грче и истана дека се согласува со предлогот на Цветановска членовите на Советот да донираат еден месечен паушал за потребите на граѓаните на Општина Гостивар.

За збор се јави членот на Советот Вера Бужаровска, даде поддршка за убавиот гест да се донира финансиска помош на граѓаните на Општина Гостивар и

истакна дека смета дека треба да се изгласа точката.

За збор се јави членот на Советот Александар Петровски при што нагласи дека е излишно да се да се дискутира на оваа тема и истакна дека треба да се даде пример, да се излезе на терен и да се помогне.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и Предлог-Одлуката за доделување хуманитарна финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 21 член на Советот.

По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за доделување хуманитарна финансиска помош за граѓаните на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење.

ТОЧКА 3. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Мирјана Ѓорѓиевска, раководител на секторот за финансиски прашања, која го образложи Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година.

Во рамки на расправата, за збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев, која постави прашања во однос на реализацијата на приходите и расходите. Таа побара појаснување за ниската реализација на средствата од трансфери од други нивоа на власт, како и за донациите, чија реализација изнесува 4,9%.
Во однос на расходите, Чакулев побара објаснување за ниската реализација кај Програмата Е – капитални трошоци и ИТ-опрема, Програмата Ф – урбанистичко планирање и Програмата Ј – комунални дејности. Таа посочи дека од вкупно 21 инфраструктурен проект, 16 имаат нула проценти реализација, при што посебно се осврна на проектите за фекална канализација во Бардовци, парковите и зеленилото, изградбата на јавното осветлување, урбаната опрема, како и капиталните трошоци за изградба на салата

„Братство“ и градинката „Пролет“. Побара појаснување за причините за ниската реализација на наведените ставки.

За збор се јави членот на Советот Славко Митевски, кој истакна дека очекувал поголема реализација на Кварталниот извештај. Тој посочи дека најниска реализација има во областите образование, детски градинки и заштита на животната средина. Наведе дека за одржување на зеленилото се потрошени 1.500 денари, за урбана опрема 22.900 денари, за паркови и зеленило 37.485 денари, а за јавно осветлување 486.000 денари. Воедно, нагласи дека реализацијата на Буџетот во вториот квартал изнесува само 27%.

За збор се јави членот на Советот Предраг Станковски, кој нагласи дека Општина Карпош инвестира во Бардовци, каде што се реализираат активности за реконструкција на улици, пешачки патеки, тротоари и водоводна инфраструктура.

За збор се јави членот на Советот Неделчо Крстевски, кој истакна дека во Општина Карпош се реализираат повеќе инвестиции и ги посочи градежните активности на улиците „Загребска“, „Софиска“, „Трифун Бузев“, „Атинска“ и „Багдадска“, како и изградбата на спортските сали во ООУ „Братство“ и ООУ „Димо Хаџи Димов“ и изградбата на градинката „Пролет“. Крстевски појасни дека Општината има финансиски обврски врз основа на судски решенија, кои се исплаќаат месечно. Тој додаде дека процентот на реализација на Буџетот за 2026 година ќе биде појасен во наредниот квартал, при што очекува до крајот на годината реализацијата да надмине 70%, односно 80%.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска, која истакна дека расправата треба да биде насочена кон укажување на слабостите и предлагање конкретни решенија. Посочи дека средствата од кредитите се јавни пари кои треба да се враќаат и дека во претходниот мандат Општината била оставена без долгови во Буџетот.
Андоновска нагласи дека проектираните средства во Буџетот се наменети за потребите на граѓаните и дека за нив треба да има конкретен бенефит. Посочи дека, според презентираните податоци, најдобра реализација на Буџетот имало во 2024 година, со 51,11%, додека во 2026 година реализацијата е пониска, иако буџетот е зголемен.
Таа укажа и на проблемот со навременото доставување на решенијата за данок на имот од страна на Град Скопје. Воедно, постави прашање дали ниската реализација на капиталните инвестиции се должи на капацитетот на

Општината навремено да ги реализира проектите.
Андоновска истакна дека дел од капиталните проекти се резултат на работата на претходната локална власт, која ги подготвила проектите и ги избрала изведувачите. Таа посочи дека реализацијата кај улиците изнесува 4%, додека кај комуналните капитални инвестиции 11,5%.
Во таа насока, побара конкретни одговори за тоа кои капитални проекти се реализирани до моментот, кои се започнати и кога се очекува нивно завршување, кај кои проекти постои ризик да не бидат реализирани во 2026 година и кои мерки ќе ги преземе Општината за подобрување на реализацијата во вториот дел од годината.
Андоновска побара и одговор што реално добиле граѓаните во првите два квартали, односно во периодот од 1 јануари до 30 јуни, од планираните 2,2 милијарди денари. Таа нагласи дека Советот има обврска да бара не само отчет за непотрошените средства, туку и одговорност за нереализираните проекти.
Воедно, истакна дека е потребна поголема координација меѓу сите чинители во процесот на планирање и реализација на проектите. Според неа, развојот на една општина не се мери според тоа колку средства се потрошени, туку според тоа колку од приходите реално се претворени во јавни услуги за граѓаните. Додаде дека високите расходи без соодветни приходи не се показател за успешно управување, туку можат да претставуваат ризик за финансиска нестабилност.

За збор се јави членот на Советот Александар Петровски, кој постави прашање во кој мандат и од страна на кој состав на Советот биле направени наведените долгови, како и дали актуелните советници треба да бараат одговорност од институциите за нивното настанување.
Во реплика, Андоновска истакна дека во 2021 година долгот изнесувал околу 5.000.000 евра, додека Општината во актуелниот период наследила и дополнителни средства во износ од околу 1.500.000 евра. Таа нагласи дека ќе поддржи сè што ќе придонесе за финансиско зајакнување на Општината.
За збор повторно се јави членот на Советот Неделчо Крстевски, кој посочи дека Општината имала долг од околу 240.000.000 денари по основ на извршни судски решенија и кредити. Тој нагласи дека реализацијата на планираните активности е започната и дека резултатите ќе бидат видливи во наредните извештаи.
За збор се јави Мирјана Ѓорѓиевска од секторот за финансиски прашања, која појасни дека, согласно изгласаниот Буџет, треба да се направи разлика меѓу планираните средства и нивната фактичка реализација во кварталниот извештај. Таа објасни дека во извештајот се прикажуваат средствата кои

фактички се исплатени и евидентирани преку изводите.
Ѓорѓиевска посочи дека за голем број од програмите и ставките веќе се спроведени постапки за јавни набавки и се распишани тендери, но исплатите сѐ уште не се реализирани или ќе бидат реализирани во тековниот период. Истото се однесува и на проектите финансирани од Владата, за кои општинските служби подготвувале документација и проекти за навремено аплицирање.
Таа информираше дека службите веќе се подготвуваат и за третиот повик што ќе го објави Владата.
Во однос на данокот на имот, Ѓорѓиевска посочи дека во Буџетот се планирани 52.000.000 денари од данок на имот од физички лица и 20.000.000 денари од правни лица. Таа појасни дека реализацијата од 20.000.000 денари се однесува на наплатата на данокот од претходната година и нагласи дека граѓаните на Карпош редовно ги исполнуваат своите обврски по основ на данокот на имот.
Воедно, информираше дека Општина Карпош и Општина Центар се избрани како пилот-општини во проект со УНДП за ревидирање на вредноста на имотот и испитување на функционирањето на овој модел. Таа истакна и дека потребно е дополнително да се работи на деталните урбанистички планови.
Одговарајќи на прашањата поставени од членот на Советот Татјана Чакулев, Ѓорѓиевска појасни дека средствата од ставката „други трансфери“ се средства од Владата. Таа објасни дека висината и динамиката на трансферите зависат од бројот на реализирани активности и доставени ситуации до соодветните министерства. Процесот од изведбата на проектот до трансферот на средствата од Владата е подолг и зависи и од работата на изведувачите и надлежните министерства.
Во однос на донациите за училиштата и градинките, Ѓорѓиевска појасни дека станува збор за средства со кои располагаат самите училишта и градинки и дека Општината нема директно влијание врз нивното добивање и трошење.
Во однос на средствата за општинската зграда, информираше дека започнува исплатата на околу 12.000.000 денари. Таа појасни дека постоел проблем од технички аспект, поврзан со ревизијата, но дека тој е надминат. Средствата за општинската зграда се очекува да бидат исплатени во текот на неделата, со цел да се завршат преостанатите активности. На крајот, Ѓорѓиевска истакна дека се спроведени сите потребни постапки за јавни набавки и дека во тек се изградбата на спортската сала во ООУ „Братство“ и изградбата на градинката „Пролет“.

Претседателот констатираше присуство на 20 членови на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, 4 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година.

Претседателот назначи пауза од 20 минути.

По паузата и констатиран кворум се продолжи со работа.

ТОЧКА 4. Предлог-Решение за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека седницата била одржана на 10.08.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје.

ТОЧКА 5. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

Збор зема членот на советот Славко Митевски побара за наредниот избор за член на одбор да бидат информирани со цел да предложат член.

Збор зема претседателот на совет Христо Саракинов кој укажа дека нема никаков проблем и да се предложат повеќе членови за одборите каде ќе се разгледаат биографите и ќе стават на гласање предлозите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, 3 глас ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог -Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош – Скопје.

ТОЧКА 6. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ

нема, констатирано е дека усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје.

ТОЧКА 7. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје.

ТОЧКА 8. Предлог-Одлука за давање согласност за времено отстапување на користење училишен простор (училиници) во општинското основно училиште Вера Циривири Трена на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за времено отстапување на користење училишен простор (училиници) во општинското основно училиште Вера Циривири Трена на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје.

ТОЧКА 9. Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на

Приватната установа за деца-детска градинка „ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА МАКСИМИЛИЈАН“ Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

Зема збор членот на Советот, Славко Митевски, кој истакна дека нивниот став во однос на приватните здравствени и социјални установи е дека се против приватизацијата. Посочи дека во Општината има девет приватни градинки, колку што има и државни, и постави прашање зошто тие започнуваат со работа пред да бидат регистрирани во Централниот регистар и пред да добијат одобрение од Владата. Истакна дека поради овие причини нема да ја поддржат предложената точка.

Зема збор Анета Марковска од секторот за јавни дејности, која појасни дека Општината нема надлежност во однос на работата на градинката. Таа посочи дека со Одлука на Владата и со решение од Министерството, градинката ќе започне со работа од септември. Во моментот, градинката не работи, туку ги врши потребните подготовки и опремување. Родителите веќе ја посетуваат градинката со цел да се информираат и да ги запишат своите деца, кои би започнале со престој од 1 септември. Марковска дополнително посочи дека надлежностите на Советот се јасно утврдени во член 19 од Законот за заштита на децата. Согласно став 7 од овој член, поради специфичноста на заштитата на децата, согласност на статутот на приватната установа за деца дава Советот на општината на чие подрачје е седиштето на установата, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето. Согласно став 8, доколку Советот во рок од 15 дена не донесе одлука, односно не се произнесе по барањето за согласност, се смета дека согласноста е дадена. Таа истакна дека, без оглед на одлуката на Советот, градинката ќе може да започне со работа согласно законските услови, а барањето за согласност на статутот е поднесено со цел да се испочитува законската процедура.

Повторно се обрати членот на Советот, Славко Митевски, кој нагласи дека нивната партија е против приватизацијата во областа на здравството и социјалната заштита. Воедно, укажа на неусогласеност помеѓу статутот на

приватната градинка, во кој е наведено дека установата е наменета за деца од 0 до 6 години, и решението на Владата, кое се однесува на деца од 3 до 6 години.

Зема збор членот на Советот, Добрила Андоновска, која истакна дека треба да се поддржат и приватните градинки. Таа посочи дека условите и квалитетот на услугите во градинката се коректни.

Зема збор членот на Советот, Горан Михајлов, кој истакна дека поради недостатокот на места во државните градинки се отвораат приватни установи. Сепак, укажа на одредени нелогичности во статутот и нагласи дека тој не е целосно усогласен со одлуката добиена од Владата.

Зема збор членот на Советот, Неделчо Крстевски, кој посочи дека Советот има можност да ја донесе или да не ја донесе предложената одлука. Тој истакна дека во Законот за заштита на децата се наведени сите услови и параметри што треба да ги исполнува една приватна градинка. Согласно законската регулатива, постојат надлежни комисии и инспекциски служби кои ги утврдуваат условите и ги издаваат потребните дозволи.
Крстевски појасни дека законската одредба предвидува дека доколку Советот не се произнесе во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето, се смета дека согласноста е дадена. Тој нагласи дека Советот не е институцијата која треба да оценува дали градинката ги исполнува условите за работа, бидејќи за тоа се надлежни други институции кои ја спроведуваат целокупната постапка. Условите за работа, без разлика дали станува збор за приватна или државна градинка, се исти и се утврдуваат во рамките на законски пропишаната процедура.

Зема збор членот на Советот, Вера Бужаровска, која истакна дека давањето согласност на статутот не зависи од тоа дали градинката е приватна или државна установа. Таа појасни дека статутот претставува општ акт со кој се уредуваат основните прашања поврзани со функционирањето на установата, како што се називот на градинката, нејзината адреса и начинот на управување со установата.
Бужаровска нагласи дека, доколку советниците не ја поддржат точката, потребно е јасно да наведат со кој дел од статутот, односно со која конкретна одредба, не се согласуваат.

Зема збор членот на советот Татјана Стојановска која укажа дека проблемот е во неусогласеноста на статутот со согласноста од министерството.

Зема збор членот на советот Катерина Илиева со прашање дали ќе има деца од 1 до 4 одделение во тие градинки, а според статутот се наведува од 3 до 6 години.

Збор зема Анета Марковска од секторот за јавни дејности која даде одговор и укажа дека статутот и решението се усогласени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог -Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА МАКСИМИЛИЈАН“ Скопје

ТОЧКА 10. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локалното собрание на млади на Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локалното собрание на млади на Општина Карпош.

ТОЧКА 11. Предлог-Одлука за давање согласност за кофинансирање на проектот „Карпош Sustainable Housing Lab: Намалување на CO_2 емисиите и подобрување на комфорот на живеење“ за потребите на Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог

точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 19 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за кофинансирање на проектот „Карпош Sustainable Housing Lab: Намалување на CO_2 емисиите и подобрување на комфорот на живеење“ за потребите на Општина Карпош.

ТОЧКА 12. Предлог - Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје.

ТОЧКА 13. Предлог -Одлука за прифаќање на донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Фондација др- Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје.

Претседателот, премина на СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА и по редот на пријавените се поставија следните:

Збор зема членот на советот Славко Митевски за да го постави следново прашање цитирам:

1. Претставка од граѓани да се спречи достава на роба кај Кам маркет кој се наоѓа на раскрсницата кај Хром претовар на камиони, жителите кои што живеат таму не можат да пристапат до зградата?

Збор зема членот на советот Горан Михајлов за да постави советнички прашања цитирам:

1.Дали има можност за проширување и ревитализација на патеката долж кејот на реката Вардар?
2.Дали има можност да се маркираат паркинзите на улица "Вич" и дали е нешто воопшто преземено?
3.Барање да се исчисти патеката до кејот која што води до ЈП "Водовод и канализација" до лабараторијата почнува да се претвора во депонија, молба додека е во почетна фаза да се исчисти и да се спречат луѓето да фрлаат ѓубре како и да се постават камери во соработка со МВР со цел да се види кој прави штета?
(помеѓу бул. "Илинденска" и кејот на реката Вардар кај бунарите Нерези)
4. Дали може од стручните служби да се разгледа одлуката донесена на совет за зголемувањето на комуналии во Бардовци во делот за стопанските објекти не им е издржливо со таа цена, бидејќи таму треба да инвестираат поголема сума на пари?

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска за да постави советнички прашања цитирам:

1.Барам да се достави листа на извршени дејности рушење на диво изградени објекти од страна на Инспекторат на Општина Карпош?
2. Кога ќе биде објавен резултат од инспекциската контрола за паркинг простории во зградата до Окта каде што треба да се отвори маркет? (има лифт и рампа каде што се гледаат дека се дивоградба)
3.Правно толкување од општинските служби како заклучок за уривање се прекинува во однос на случајот со г- ѓа Нада Гелева зошто се прекинува постапката?

4. Листа на легализирани објекти од минатата година во приватниот сектор се вика картица 220, односно која уплата за кој предмет е извршена?
(има три предмети со сума од 9.642.293 денари што е легализирано за тие пари)
5.Иницијатива за ООУ "Петар Поп Арсов" и "Јан Амос Коменски" да се постави сообраќајна сигнализација на страничните улички ?
6.По добиена информација за градинката "Распеана Младост" каде што има азбесен кров бара итно менување на тој кров?
7. Дали може да се помогне од страна на советниците за сите сегашни судски решенија?
8. Кои се 9 граѓански здруженија кои ќе учествуваат во Ресурсниот центар?
9. Дали вработените кои учествуваа во расчистување по временската непогода ќе бидат наградени со дополнителни часови?
10. Барање до комисии каде што тие не учестуваат како советници да добијат конкретен извештај за проектите кои се завршени?
11. Проблем со наводнувањето дали е распишан тендер за бунарите со техничка вода?
12. Дали е распишан јавен повик за надворешна фирма за функционална анализа?

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска за да постави советнички прашања цитирам:

1.Дали општина Карпош ќе покаже една иницијатива на улица Ангел Динев кај маркетот т во ој дел да го реши заедничкиот проблем да се отстрани рампата со цел да се користи другиот пролаз за истовар на потребите на маркетот?2.Во однос на Ресурсниот центар бара информација кои се тие невладини организации кои што добиле и со која проблематиката тие ќе се занимаваат.

(дали тие имаат искуство во други општини каде што постојат ресурсни центри)

3.Која е причината за нереализација во однос на униформите?
- Дали е започната постапката и ако не е од кои причини?
- Дали планираните средства сеуште се предвидени во буџетот каков ќе биде статусот на тие средства и дали ќе бидат пренаменети или ќе останат неискористени доколку мерката останува во план кога се очекува објавата на јавниот повик? Јавноста има право на транспарентни информации за

причините за евентуална нереализација, начинот на користење на средствата и роковите на спроведување?

На прашањата за ресурсниот центар одговори од секторот за развој Александра Теова.

Збор зема членот на советот Вера Бужаровска за да постави советнички прашања цитирам:

1.По молба од станарите на улица "Варшавска" бр 4. прашуваат до каде е активноста со отстранување на останатите рампи?

На дел од прашањата градоначалникот даде соодветни одговори.

По исцрпување на точките од дневниот ред и поставените советнички прашања, Претседателот на Советот ја затвори 16. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 13.20 часот.

Изработил: Виолета Андреевска
Проверил: Јелена Цветковиќ

Број: 09-7490/3
Датум: 27.08.2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Христо Саракинов